**Гласање преку полномошник**

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на Собранието.

Полномошното се издава во писмена форма со пополнување на образецот за гласање преку полномошник.

Полномошно мора да содржи комплетни податоци за идентитетот на акционерот и полномошникот и тоа:

- За акционерот - пополнето целосно име и презиме, своерачен потпис и ЕМБГ на акционер физичко лице, односно назив, седиште, печат, ЕМБС, целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на акционер правно лице,
- За полномошникот - целосно име, презиме и ЕМБГ за полномошник физичко лице, односно назив, седиште, ЕМБС целосно име и презиме и своерачен потпис на законскиот застапник на полномошник правно лице.

Акционерите се должни веднаш да ја известат Банката за секое дадено полномошно со доставување на копија од целосно пополнет образец, на еден од следните начини:

- По електронски пат на адреса: sobranie@unibank.com.mk, кога се доставува копија во скенирана форма,
- По писмен пат на адреса: Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, ул.”Максим Горки” бр.6, 1000 Скопје.

Банката може да бара дополнително утврдување на личниот идентитет на акционерот како услов за уважување на полномошното, како и верификација на дадените инструкции за гласање.

Полномошникот е должен при евиденција на своето присусутво на Собранието да го предаде полномошното во писмена форма во оригинал, како и да презентира важечки документ за идентификација - лична карта или пасош.

За полномошници на Собранието можат да бидат назначени и лица кај кои постои конфликт на интерес согласно Законот за трговските друштва, под услов ако полномошниците:

- Претходно им обелодениле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес и
- Добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерите од кои се овластени да бидат нивни полномошници за секоја предложена точка за гласање по точките на дневниот ред на седницата на Собранието.

Банката на својата интернет страница ќе го објави идентитетот на назначените полмоношници кај кои постои конфликт на интерес.